# ГРУПАЦИЈА ТОПЛИФИКАЦИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## 2012 ГОДИНА



## СОДРЖИНА

ОСВРТ КОН 2012та ГОДИНА - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -1

КЛУЧНИ БРОЈКИ – ГРУПАЦИЈА ТОПЛИФИКАЦИЈА - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 2

ИНФОРМАЦИИ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - 10

ЦЕНА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -14

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГРУПАЦИЈА ТОПЛИФИКАЦИЈА - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -16

КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -25

## ОСВРТ КОН 2012та ГОДИНА

2012 година за Групација Топлификација беше исполнета со голем број предизвици, посебно на полето со регулираните дејности односно со дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија.

Иако согласно законската регулатива на регулираните дејности им е гарантирано остварувањето на приход од дејноста кој е доволен да ги покрие оперативните трошоци во работењето, како и да оствари принос на вложените средства кој го покрива трошокот на вложениот капитал, сепак во 2012 година Топлификација Групација не успеа да го оствари одобрениот регулиран принос на капитал од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Причината за тоа е одлуката на Регулаторната комисија за енергетика донесена во јули 2012 година со кои на дејноста производство на топлинска енергија и го намалија вкупниот приход кој треба да го оствари за износ цца 132 милиони денари. Овој износ не е одобрен по три основи. Регулаторната комисија за енергетика не одобри набавена топлинска енергија од ТЕ-ТО АД во износ од цца 52 милиони денари без ддв, исто така Регулаторната комисија за енергетика призна трошок за мазут за цела 2012 година намален за 5% (цца 35 милиони денари) и скратен приход во износ од цца 45 милиони денари како вишок на приход остварен во 2011 година.
Топлификација групација ги превзема сите правни мерки за решавање на овие спорни прашања со Регулаторната комисија за енергетика.

Во текот на 2012 година Топлификација АД превзема топлинска енергија од ТЕ-ТО АД во месеците Јануари, Февруари и Март 2012 година. Цената на оваа топлинска енергија е за 5 % пониска од топлинската енергија произведена кај регулираниот производител само по основ на цената на горивото. Со тоа се овозможи намалување на трошоците со крајна цел намалување на цената на топлинската енергија за крајниот корисник.

Топлификација АД во Август 2011 година ја врати лиценцата за производство на топлинска енергија, за дејностите дистрибуција и снабдување со топлинска енергија лиценците беа вратени во Ноември 2012 година.

Деталната информација за деловниот план во наредните пет години на Топлификација АД и причините за враќањето на лиценците за регулираните дејности се објавени на Македонската берза и на интернет страницата на Топлификација АД.

## КЛУЧНИ БРОЈКИ ГРУПАЦИЈА ТОПЛИФИКАЦИЈА

Клучни бројки во денари

| | 2012 | 2011 | 2010 | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Добивка по обична акција | 85.41 | 19.71 | 277.07 | 66.25 | 11.55 |
| P/E коефициент | 24.80 | 173.33 | 13.56 | 59.1 | 738.23 |
| Оперативен готовински тек по акција | 316.5 | -256.2 | 495.3 | -217.5 | -32.8 |
| P/CF коефициент | 6.69 | n.a | 7.58 | n.a. | n.a. |
| Книговодствена вредност по акција | 3,712.64 | 3,695.86 | 3,651.96 | 3,514.21 | 3,529.71 |
| P/Book коефициент | 0.57 | 0.92 | 1.03 | 1.1 | 2.4 |
| Дивиденда по акција | n.a | n.a | 44.44 | 33.33 | n.a. |
| Дивиденден принос | n.a | n.a | 1.18% | 0.85% | n.a. |

Извештај за сеопфатна добивка (во милиони денари)

| | 2012 | 2011 | 2010 | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Приход продажба | 2,593.5 | 2,358.5 | 2,047.1 | 1,569.0 | 1,798.5 |
| EBITDA | 191.5 | 178.5 | 362.9 | 229.2 | 61.8 |
| EBIT | 36.4 | 44.9 | 240.4 | 134.2 | -7.4 |
| EBT | 46.4 | 14.9 | 133.5 | 30.5 | 7.8 |
| Сеопфатна добивка пред малцинско учество | 38.4 | 8.9 | 124.9 | 29.8 | 5.2 |
| Сеопфатна добивка после малцинско учество | 38.4 | 8.9 | 124.9 | 29.8 | 5.2 |

Извештај за финансиската состојба (во милиони денари)

| | 2012 | 2011 | 2010 | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупни средства | 3,727.4 | 3,947.2 | 3,558.7 | 3,879.16 | 3,278.40 |
| Побарувања од продажба | 910.3 | 1,064.1 | 751.5 | 790.6 | 918.3 |
| Краткорочни обврски | 1,582.5 | 1,872.1 | 1,269.1 | 1,847.8 | 1,292.11 |
| Вкупно капитал | 1,670.7 | 1,632.3 | 1,643.4 | 1,581.39 | 1,578.50 |
| Ливериџ | 53.7% | 58.2% | 53.8% | 59.2% | 51.9% |

Готовински тек(во милиони денари)

| | 2012 | 2011 | 2010 | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| Оперативен готовински тек | 142.4 | -115.3 | 222.9 | -97.9 | -14.8 |
| Инвестициски готовински тек | 7.1 | -139.8 | 234.0 | -783.5 | -711.2 |

Клучните бројки за 2012,2011 и 2010 година се однесуваат за Групација Топлификација, за разлика од претходните периоди кога истите се однесуваат за Топлификација АД - Скопје.

Групацијата Топлификација ја сочинуваат 11 друштва, од кои Топлификација АД - Скопје е матично друштво.

| Име на друштво | Дејност | 2012 Учество |
|---|---|---|
| Топлификација АД - Скопје | Производство на топлинска енергија | |
| Дистрибуција на топлина ДООЕЛ - Скопје | Дистрибуција на топлинска енергија | 100,00% |
| Снабдување Запад ДООЕЛ - Скопје | Снабдување со топлинска енергија | 100,00% |
| Снабдување Центар ДООЕЛ - Скопје | Снабдување со топлинска енергија | 100,00% |
| Снабдување Исток ДООЕЛ - Скопје | Снабдување со топлинска енергија | 100,00% |
| Производство на топлина ДООЕЛ - Скопје | Производство на топлинска енергија | 100,00% |
| Скопје - Север АД - Скопје | Снабдување со пареа и топла вода | 99,74% |
| Топлификација - Инженеринг ДООЕЛ - Скопје | Проектирање, инженеринг, трговија,транспорт и друго | 100,00% |
| Сервиси за греење ДООЕЛ - Скопје | Сервисирање на инсталации за греење | 100,00% |
| Топлификација - Битола ДОО - Скопје | Снабдување со пареа и топла вода | 98,34% |
| Гас Траде ДООЕЛ - Скопје | Трговија и дистрибуција на гас и гасовити горива | 100,00% |

## Топлификација АД

Топлификација АД - Скопје е друштво кое во 2012 ја извршуваше дејноста производство на топлинска енергија. Истото е матично друштво на сите останати друштва во групација Топлификација. Во Август 2011 година Топлификација АД ја врати лиценцата за производство на топлинска енергија и вработените од Топлификација АД преминаа во новооформеното друштво Производство на топлина ДООЕЛ Скопје.

Во прилог се клучните бројки од ова друштво.

**Извештај за сеопфатна добивка**

| во (000) денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | 1,755,960 | 2,187,267 |
| EBITDA | 28,502 | 64,190 |
| EBIT | -39,118 | 7,840 |
| EBT | 29,763 | 2,720 |
| Нето добивка/загуба | 28,292 | 1,753 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | 28,292 | 1,753 |
| Број на вработени на 31 декември | 0 | 0 |

**Извештај за финансиската состојба**

| во (000) денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Вкупни средства | 3,403,826 | 3,789,166 |
| Побарувања | 630,613 | 911,724 |
| Вкупни обврски | 1,793,509 | 2,207,041 |
| Долгорочни обврски | 716,167 | 641,917 |

**Производство на топлина ДООЕЛ**

Производство на топлина ДООЕЛ Скопје е друштво оформено во 2011 година. Во текот на 2012 година во вториот дел на грејната сезона односно октомври-декември 2012 година, ова друштво ја извршување дејноста производство на топлинска енергија.

Во прилог се клучните бројки од ова друштво.

| **Извештај за сеопфатна добивка** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни приходи | 839,183 | 24,841 |
| EBITDA | 33,411 | 30 |
| EBIT | 33,411 | 30 |
| EBT | 33,163 | 29 |
| Нето добивка/загуба | 32,898 | 28 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | 32,898 | 28 |
| Број на вработени на 31 декември | 180 | |

| **Извештај за финансиската состојба** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни средства | 304,714 | 12,749 |
| Побарувања | 288,462 | 12,728 |
| Вкупни обврски | 271,481 | 12,414 |
| Долгорочни обврски | / | / |

**Дистрибуција на топлина ДООЕЛ**

Дистрибуција на топлина ДООЕЛ - Скопје е друштво кое во 2012 година ја извршуваше дејноста дистрибуција на топлинска енергија, односно ја превзема енергијата од производителот и ја предава на снабдувачот со топлинска енергија. Друштвото е оформено во Мај 2009 година, со преминувањето на вработените од оваа дејност од Топлификација АД – Скопје во новооформеното друштво.
Во 2012 година Дистрибуција на топлина ДООЕЛ - Скопје својата дејност ја извршуваше со 97 вработени.

Во прилог се клучните бројки од ова друштво.

| **Извештај за сеопфатна добивка** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни приходи | 594,037 | 191,890 |
| EBITDA | 14,928 | 20,052 |
| EBIT | -3,383 | 2,034 |
| EBT | 5,205 | 10,358 |
| Нето добивка/загуба | 4,967 | 10,242 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | 4,967 | 10,242 |
| Број на вработени на 31 декември | 97 | 86 |

| **Извештај за финансиската состојба** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни средства | 577,786 | 486,375 |
| Побарувања | 269,063 | 162,004 |
| Вкупни обврски | 218,286 | 114,448 |
| Долгорочни обврски | / | / |

**Снабдување Центар ДООЕЛ**

Снабдување Центар Дооел - Скопје е е друштво со ограничена одговорност за снабдување со топлинска енергија, во приватна сопственост. Друштвото е формирано на 19.11.2008 година од Топлификација АД како единствен основач.
Снабдување Центар ДООЕЛ Скопје во 2012 година ја вршеше енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на потрошувачите. Енергетската дејност снабдување со топлинска енергија, друштвото ја извршуваше на подрачјето на општина Центар, општина Кисела Вода, општина Чаир и дел од општина Аеродром. Како носител на лиценцата, Друштвото е одговорно за обезбедување на топлинска енергија и дистрибутивен капацитет за испорака на топлинска енергија, како и за мерење, отчитување и фактурирање на испорачаната топлинска енергија.

Во прилог се клучните бројки од ова друштво.

| **Извештај за сеопфатна добивка** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни приходи | 1,236,056 | 1,090,764 |
| EBITDA | 57,256 | 41,642 |
| EBIT | 46,504 | 24,346 |
| EBT | 49,658 | 26,842 |
| Нето добивка/загуба | 48,614 | 25,020 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | 48,614 | 25,020 |
| Број на вработени на 31 декември | 30 | 31 |

| **Извештај за финансиската состојба** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни средства | 444,233 | 470,998 |
| Побарувања | 441,592 | 467,581 |
| Вкупни обврски | 392,548 | 416,382 |
| Долгорочни обврски | / | / |

**Снабдување Исток ДООЕЛ**

СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ -Скопје е друштво со ограничена одговорност за снабдување со топлинска енергија, во приватна сопственост. Друштвото е формирано на 19.11.2008 година од Топлификација АД како единствен основач.

Друштвото е формирано за да се либерализира пазарот на топлинска енергија и подобри квалитетот на услугите спрема крајните потрошувачи и истото почнува активно да работи од 01.02.2009 год со ресурсите кои претходно ги извршуваа функциите поврзани со регулираната дејност снабдување со топлинска енергија

Во прилог се клучните бројки од ова друштво.

| **Извештај за сеопфатна добивка** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни приходи | 644,050 | 587,352 |
| EBITDA | 21,033 | 14,156 |
| EBIT | 10,161 | 1,361 |
| EBT | 8,831 | 619 |
| Нето добивка/загуба | 7,754 | -613 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | 7,754 | -613 |
| Број на вработени на 31 декември | 28 | 28 |

| **Извештај за финансиската состојба** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни средства | 156,062 | 197,412 |
| Побарувања | 153,063 | 193,049 |
| Вкупни обврски | 145,942 | 191,274 |
| Долгорочни обврски | 0 | 0 |

**Снабдување Запад ДООЕЛ**

СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ - Скопје е друштво за снабдување со топлинска енергија, во приватна сопственост . Друштвото е формирано во месец ноември 2008 година од страна на Топлификација АД – Скопје како единствен основач на друштвото. СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ својата регулирана дејност во 2012 година ја извршуваше на подрачјето на Општина Ѓорче Петров,Општина Карпош,како и дел од Општина Центар. Во текот на 2012 година СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД својата енергетска дејност ја извршуваше во согласност со зацртаната деловна политика за соодветната година реализирајќи ги следните активности: Фактурирање на испорачаната топлинска енергија кон крајните корисници; Испорака на сметки / фактури; Наплата на сметки/фактури и останати активности.

Во прилог се клучните бројки од ова друштво.

| **Извештај за сеопфатна добивка** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни приходи | 706,155 | 629,587 |
| EBITDA | 23,185 | 16,741 |
| EBIT | -5,722 | -1,823 |
| EBT | -6,920 | -3,850 |
| Нето добивка/загуба | -9,786 | -5,692 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | -9,786 | -5,692 |
| Број на вработени на 31 декември | 30 | 31 |

| Извештај за финансиската состојба | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни средства | 196,544 | 249,440 |
| Побарувања | 192,185 | 245,248 |
| Вкупни обврски | 205,003 | 248,012 |
| Долгорочни обврски | / | / |

**Скопје Север АД**

Скопје-Север АД - Скопје е друштво за снабдување со пареа и топла вода оформено во 1998 година. Скопје Север АД од 2001 година се занимава со регулираните дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија. Енергетските дејности ги извршува на подрачјето на општина Бутел и дел од општина Чаир во град Скопје.

Во текот на 2012 година своите активности ги извршуваше со 16 вработени.

Во прилог се клучните бројки од ова друштво.

| Извештај за сеопфатна добивка | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни приходи | 95,506 | 107,438 |
| EBITDA | 15,609 | 18,118 |
| EBIT | -2,672 | 7,683 |
| EBT | 1,491 | 12,887 |
| Нето добивка/загуба | 573 | 12,829 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | 573 | 12,829 |
| Број на вработени на 31 декември | 16 | 14 |

| Извештај за финансиската состојба | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни средства | 264,085 | 268,729 |
| Побарувања | 88,641 | 82,090 |
| Вкупни обврски | 79,577 | 84,794 |
| Долгорочни обврски | 0 | 0 |

**Топлификација – Инженеринг ДООЕЛ**

Топлификација Инженеринг ДООЕЛ - Скопје е друштво кое се занимава со проектирање и инженеринг услуги на топлификациона мрежа, развој и проектирање на мерно регулациона опрема, реконструкција на топлински подстаници како и инженеринг услуги во областа на греење и климатизација. Во 2012 година својата дејност ја извршуваше со 7 вработени.

Во прилог се клучните бројки од ова друштво.

| **Извештај за сеопфатна добивка** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни приходи | 41,285 | 21,376 |
| EBITDA | 3,931 | 4,375 |
| EBIT | 3,719 | 4,203 |
| EBT | 4,359 | 4,763 |
| Нето добивка/загуба | 4,337 | 4,752 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | 4,337 | 4,752 |
| Број на вработени на 31 декември | 7 | 5 |

| **Извештај за финансиска состојба** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни средства | 37,358 | 25,131 |
| Побарувања | 18,363 | 11,074 |
| Вкупни обврски | 10,704 | 2,814 |
| Долгорочни обврски | / | / |

## Сервиси за греење ДООЕЛ

Сервиси за греење дооел - Скопје преставува Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице,Топлификација АД - Скопје, за вршење на дејноста сервисирање на инсталации за греење и останати дејности. Друштвото е основано на 10.05.2011 година како ДООЕЛ, и запишано во трговскиот регистар како “Друштво за сервисирање на инсталации за греење СЕРВИСИ ЗА ГРЕЕЊЕ ДООЕЛ Скопје” со седиште на ул. Лондонска бб, Скопје.
Своите активности во 2012 година ги извршуваше со 16 вработени.

Во прилог се клучните бројки од ова друштво.

| **Извештај за сеопфатна добивка** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни приходи | 9,121 | 4,929 |
| EBITDA | -3,321 | 940 |
| EBIT | -3,456 | 940 |
| EBT | -3,622 | 940 |
| Нето добивка/загуба | -3,649 | 940 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | -3,649 | 940 |
| Број на вработени на 31 декември | 16 | 18 |

| **Извештај за финансиската состојба** | | |
|---|---|---|
| во (000) денари | 2012 | 2011 |
| Вкупни средства | 2,251 | 3,247 |
| Побарувања | 1,350 | 2,448 |
| Вкупни обврски | 4,653 | 2,000 |
| Долгорочни обврски | / | / |

**Топлификација Битола ДОО**

Топлификација Битола ДОО - Скопје е друштво за снабдување со пареа и топла вода во градот Битола во Република Македонија. Во 2012 година друштвото беше неоперативно, односно не ги снабдуваше своите потрошувачи со топлинска енергија. Истото моментално функционира заради наплата на долговите од своите корисници. Во 2012 година својата дејност ја извршуваше со 1 вработен.

Во прилог се клучните бројки од ова друштво.

**Извештај за сеопфатна добивка**

| Во 000 денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Вкупни приходи | 472 | 352 |
| EBITDA | -1,928 | -614 |
| EBIT | -3,167 | -614 |
| EBT | -2,713 | -302 |
| Нето добивка/загуба | -2,713 | -302 |
| Вкупна сеопфатна добивка/загуба | -2,713 | -302 |
| Број на вработени на 31 декември | 1 | 1 |

**Извештај за финансиска состојба**

| Во 000 денари | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Вкупни средства | 29,074 | 33,253 |
| Побарувања | 17,101 | 19,806 |
| Вкупни обврски | 51,480 | 52,945 |
| Долгорочни обврски | / | / |

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ

Акциите на Групација Топлификација се регистрирани за тргување на Македонската берза за хартии од вредност. Класифицирани се на официјалниот пазар во сегментот Супер котација - обични кации под симболот TPLF.

Акциите на Групација Топлификација се дел од MBI 10 индексот и спаѓаат во групата на нај ликвидните акции на Македонската берза.

Издадени се вкупно 450,000 обични акции по номинална вредност од 51,13 евра. Од нив 884 се трезорски акции, додека другите се расположливи за тргување.

### Берзански податоци

Табела 1 – Податоци од тргувањето (цената, вредноста и капитализацијата се во денари)

| месец | просечна цена | број на трансакции | тргувана вредност | тргувана количина | пазарна капитализација |
|---|---|---|---|---|---|
| јануари | 2,313 | 46 | 2,244,166 | 974 | 944,766,000 |
| февруари | 2,278 | 116 | 6,245,098 | 2,730 | 1,072,174,500 |
| март | 2,074 | 50 | 1,790,851 | 903 | 810,000,000 |
| април | 1,786 | 74 | 3,095,766 | 1,717 | 895,882,500 |
| мај | 1,983 | 90 | 5,265,167 | 2,611 | 1,116,900,000 |
| јуни | 2,424 | 101 | 7,998,304 | 3,203 | 900,000,000 |
| јули | 2,408 | 134 | 6,362,054 | 2,608 | 1,064,812,500 |
| август | 2,239 | 70 | 3,648,349 | 1,614 | 1,013,071,500 |
| септември | 2,097 | 51 | 3,837,058 | 1,838 | 937,741,500 |
| октомври | 1,837 | 32 | 1,141,448 | 621 | 708,975,000 |
| ноември | 1,685 | 29 | 1,029,486 | 619 | 765,000,000 |
| декември | 1,537 | 6 | 123,220 | 80 | 688,500,000 |
| Вкупно | 2,118 | 799 | 42,780,967 | 19,518 | 688,500,000 |

Во 2012 година на Македонската берза беа тргувани вкупно 19,518 обични акции на Групација Топлификација, што претставува 4.34% од вкупниот број издадени акции. Вкупната тргувана вредност изнесуваше 42,780,967 денари и беше реализирана во 799 трансакции.
Просечно беа тргувани 24 акции по трансакција.

Во текот на тргувањето во 2012 година беше реализирана највисока цена од 2,798 денари, додека најниската реализирана цена изнесуваше 1,530 денари.

Акциите на Групација Топлификација во текот на цела 2012 година бележат движење во нагорна односно надолна линија во однос на берзанскиот индекс MBI 10.

Споредба на движењето на главниот берзански индекс MBI 10 на Македонска берза и цената на акцијата на Групација Топлификација е прикажана во следниот графички приказ.

Графикон 1 - Споредба на движењето на MBI 10 и TPLF во 2012 година




Движењето на цената на акцијата на Групација Топлификација е прикажана на следниот графички приказ.

Графикон 2 – Движење на цената на TPLF во 2012 година во денари




Во следниот графички приказ се прикажани остварената просечна цена и количина на тргување по месеци за 2012 година.

Графикон 3 – Количина и просечна цена на тргување по месеци во 2012 година




## Клучни показатели

Табела 2 – Клучни показатели

| показател | 2012 | 2011 | промена % | 2010 | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| EBITDA по акција (во ден.) | 425.57 | 396.66 | 7.3% | 806.49 | 509.35 | 137.30 |
| EBIT по акција (во ден.) | 80.93 | 99.70 | -18.8% | 534.22 | 298.24 | n.a. |
| Основна добивка по акција (во ден) | 85.41 | 19.71 | 333.3% | 277.07 | 66.25 | 11.55 |
| Разводнета добивка по акција (во ден.) | 85.41 | 19.71 | 333.3% | 277.07 | 66.25 | 11.55 |
| Стапка на принос на средствата (ROA) | 2.23% | 0.52% | 325.4% | 7.50% | 1.85% | 0.40% |
| Стапка на принос на акционерски капитал (ROE) | 5.17% | 1.19% | 333.8% | 17.43% | 4.19% | 0.73% |
| Книговодствена вредност на акција (во ден.) | 3712.64 | 3695.86 | 0.5% | 3651.96 | 3514.21 | 3529.71 |
| P/E коефициент | 24.80 | 173.33 | -85.7% | 13.56 | 59.09 | 738.23 |
| P/Book коефициент | 0.57 | 0.92 | -38.3% | 1.03 | 1.11 | 1.11 |
| Дивиденда по акција (бруто) | n.a. | n.a. | n.a. | 44.44 | 33.33 | n.a. |
| Процентуална исплата на дивиденда | n.a. | n.a. | n.a. | 16.04% | 50.31% | n.a. |
| Дивиденден принос | n.a. | n.a. | n.a. | 1.18% | 0.85% | n.a. |

Клучните показатели за 2012,2011 и 2010 година се однесуваат за Групација Топлификација, за разлика од претходните периоди кога истите се однесуваат за Топлификација АД - Скопје.

**Акционерска структура**

Акционерската структура на Топлификација АД – Скопје е во голема мера диверзифицирана. Најголем акционер е KARDICOR INVESTMENTS LIMITED, од Кипар со 16.44% (податок од акционерската книга на Топлификација АД – Скопје на 31.12.2012). Сите останати акционери учествуваат со 1.8% или помалку во акционерскиот капитал.

Вкупниот број на акционери со состојба на 31.12.2012 година беше 2.704.

Нивната структура е прикажана на следниот графички приказ.

Графикон 4 – Акционерска структура на 31.12.2012 година






## ЦЕНА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Дејностите од јавен интерес производство, дистрибуција и снабдување на топлинска енергија во текот на 2012 година, беа извршувани од страна на Топлификација АД, Дистрибуција на топлина ДООЕЛ, Снабдување Центар ДООЕЛ, Снабдување Запад ДООЕЛ и Снабдување Исток ДООЕЛ, согласно Законот за енергетика на Република Македонија. Истите се регулирани од страна на независното тело Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија (РКЕ), врз основа на Правилникот за начин и услови за регулирање на цени на топлинска енергија за греење.

Од 1 јануари 2010 година цената на топлинската енергија е дадена посебно за сите дејности и на посебните друштва, согласно Тарифните ставови за продажба на топлинска енергија. Цената за крајните корисници е дадена во склоп на одлуките на друштвата за снабдување на топлинска енергија.

Во следниот преглед се прикажани тарифните ставови за снабдување на топлинска енергија за крајните корисници во 2012 година:

| Ред. бр. | **ТАРИФНИ СТАВОВИ** | Единица мерка | цена од 01.01.2012 | цена од 01.08.2012 |
|---|---|---|---|---|
| | **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | | |
| 1 | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1,001.4692 | 665.2155 |
| 2 | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2.9403 | 3.3755 |
| | **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | | |
| 1 | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 2,022.9384 | 1,330.4310 |
| 2 | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 5.8806 | 6.7511 |

### Промени во цената на топлинската енергија

Цената на топлинска енергија за греење беше два пати коригирана за 2012 година, согласно одлуките на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

На 30 декември 2011 година Регулаторната комисија за енергетика донесе одлука за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за регулиран период со важност од 01.01.2012 година.

На 27 јули 2012 година Регулаторната комисија за енергетика донесе одлука за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови со важност од 01.08.2012 година.

**Поднесена документација за цена на топлинска енергија**

Во 2012 година, согласно Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење, два пати е поднесена документација за цена на топлинска енергија:

Во Ноември 2012 година беше поднесена документација за барање на максимален приход и цена за 2012 година за сите три регулирани дејности.

Во Јуни 2012 година, од страна на петте друштва кои ги вршат трите регулирани дејности, беше поднесена економско - техничка документација до Регулаторната комисија за енергетика за редовна контрола на одобрената цена на топлинската енергија.

**Неусогласености**

Во текот на 2012 година постоеја неусогласености со Регулаторната комисија за енергетика во однос на барањата на друштвата кои се занимаваат со регулирана дејност и истите влијаеја негативно на одобрената цена. Причината за овие неусогласености е донесената одлука за цена во Јули 2012 година во која Регулаторната комисија за енергетика на дејноста производство на топлинска енергија не и призна трошок за набавена топлинска енергија од ТЕ-ТО АД во износ од цца 52 милион денари без ддв, го скрати трошокот за мазут за цела 2012 година за 5% односно цца 35 милиони денари и го намали приходот на дејноста производство на топлинска енергија за цца 44 милиони денари како вишок на приход кој дејноста го остварила во 2011 година.
Сеуште постои неусогласеност со Регулаторната комисија за енергетика во однос на трошокот за отпис на побарувања од потрошувачите. Односно, Регулаторната комисија за енергетика и покрај тоа што во Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за топлинска енергија за греење, во член 7 ги обврзал друштвата кои вршат регулирана дејност за примена на меѓународните сметководствени стандарди, сепак не го признава трошокот за отпис, што е согласно овие стандарди. Исто така, поради непоседување на имотен лист за топланата 11 Октомври, РКЕ не ги зема во предвид основните средства при определување на приносот на капитал, иако тие основни средства се заведени во инвентарните книги на друштвото.
Засегнатите друштва поднесоа жалби против одлуката на Регулаторна Комисија од 29 јули 2012 година до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката на РМ. Жалбите беа одбиени од страна на Комисијата за решавање на жалби. Согласно на тоа поведени се управни спорови за споменатите проблеми.

**Лиценци**

Во Август 2011 година Топлификација АД ја врати лиценцата за производство на топлинска енергија на Регулаторната комисија за енергетика на РМ. Причините за враќање на лиценцата се проблемите со методологијата за пресметка на цена на топлинската енергија за производство на топлинска енергија и донесените одлуки за цена на топлинска енергија донесени од страна на Регулаторната комисија за енергетика, кои негативно влијаат врз финансиските резултати на компанијата односно создаваат оперативни загуби во работењето.
Во Ноември 2012 година Дистрибуција на топлина ДООЕЛ ја врати лиценцата за дистрибуиција на топлинска енергија додека Снабдување Центар ДООЕЛ, Снабдување Исток ДООЕЛ и Снабдување Запад ДООЕЛ ги вратија лиценците за снабдување со топлинска енергија.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГРУПАЦИЈА ТОПЛИФИКАЦИЈА

## Консолидиран извештај за сеопфатна добивка

| | 2012<br>во (000) ден. | 2011<br>во (000) ден. |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 2,593,459 | **2,358,494** |
| Трошоци на продадени услуги | 2,034,340 | 1,888,419 |
| **БРУТО ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | **559,119** | **470,075** |
| | | |
| Останати оперативни расходи | 97,385 | 123,518 |
| Трошоци за вработени | 229,397 | 219,812 |
| Амортизација | 84,554 | 81,568 |
| Исправка на сомпнителни побарувања | 70,534 | 52,063 |
| Останати оперативни расходи | 235,599 | 195,287 |
| **Оперативна добивка (загуба)** | **36,420** | **44,863** |
| | | |
| Приходи од финансирање | 177,757 | 115,033 |
| Добивки од вложувања | - | - |
| Расходи од финансирање | 167,816 | 144,978 |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **46,361** | **14,918** |
| | | |
| Данок од добивка | 7,928 | 6,048 |
| | | |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | **38,433** | **8,870** |
| | | |
| **Друга сеопфатна добивка:** | | |
| Останата сеопфатна добивка | - | - |
| **Вкупна друга сеопфатна добивка** | - | - |
| | | |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | **38,433** | **8,870** |
| | | |
| **Нето добивка (загуба) на:** | | |
| Сопствениците на друштвото мајка | **38,476** | **8,842** |
| Неконтролираното учество во подружниците | -43 | 28 |
| | **38,433** | **8,870** |
| | | |
| **основна заработувачка по акција (во МКД)** | **86** | **20** |

Консолидиран извештај за финансиската состојба
- средства

| | 31.12.2012<br>во (000) ден. | 31.12.2011<br>во (000) ден. |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 1,174,066 | 1,240,992 |
| Дадени заеми | 45,822 | 879,984 |
| Вложувања во придружени претпријатија | 462 | 462 |
| Вложувања расположливи за продажба | 5,319 | 5,319 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1,225,669** | **2,126,757** |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 84,963 | 99,749 |
| Побарувања од продажба | 910,281 | 1,021,758 |
| Побарувања за дадени аванси | 15,229 | 14,694 |
| Останати тековни средства и АВР | 63,709 | 48,564 |
| Дадени заеми | 1,377,745 | 471,591 |
| Депозити во банки | 25,073 | 64,669 |
| Парични средства и еквиваленти | 24,733 | 99,442 |
| **Вкупно тековни средства** | **2,501,733** | **1,820,467** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **3,727,402** | **3,947,224** |

- Консолидиран извештај за финансиската состојба
  капитал и обврски

| ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ | 31.12.2012<br>во (000) ден. | 31.12.2011<br>во (000) ден. |
|---|---|---|
| **Главнина** | | |
| Акционерски капитал | 1,394,100 | 1,394,100 |
| Откупени сопствени акции | -1,257 | -1,257 |
| Законски резерви | 111,976 | 109,600 |
| Ревалоризациони резерви | 3,675 | 3,675 |
| Акумулирана добивка | 162,396 | 126,295 |
| | **1,670,890** | **1,632,413** |
| Неконтролирано учество | -203 | -159 |
| **Вкупно главнина** | **1,670,687** | **1,632,254** |
| **Долгорочни обврски по кредити** | **474,201** | **442,917** |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачи | 432,687 | 489,544 |
| Обврски за примени аванси | 2,983 | 3,495 |
| Краткорочни обврски по кредити | 840,159 | 1,138,553 |
| Тековен дел на долгорочни кредити | 241,965 | 199,000 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 64,720 | 41,461 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,582,514** | **1,872,053** |
| **Вкупно обврски** | **2,056,715** | **2,314,970** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **3,727,402** | **3,947,224** |

Консолидиран извештај за парични текови
- оперативни активности

| | 2012<br>000 денари |
|---|---:|
| **Парични текови од оперативни активности** | |
| **Добивка пред оданочување** | **46,361** |
| **Усогласување за :** | |
| Амортизација | 84,554 |
| Исправка на вредноста и отпис на побарувањата | 70,534 |
| Расходи (приходи) од камати | 108,109 |
| Приходи и расходи од договор за мрежа (нето | 0 |
| Приходи од отпис на обврски и вишоци/кусоци | -2,100 |
| Сегашна вредност на отуѓени основни средства | 0 |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | **307,458** |
| Побарувања од продажба | 40,943 |
| Побарувања за дадени аванси | -535 |
| Останати тековни средства и АВР | -18,316 |
| Залихи | 14,786 |
| Обврски од добавувачи | -54,757 |
| Обврски за примени аванси | -512 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 23,952 |
| **Нето пари употребени во работењето** | **313,019** |
| Платена камата | -165,394 |
| Вратен (платен) данок од добивка | -5,194 |
| **Нето парични тековни од оперативни активности** | **142,431** |

Консолидиран извештај за парични текови
- инвестициони и финансиски активности и нето паричен тек

| | 2012<br>000 денари |
|---|---|
| **Парични текови од инвестициони активности** | |
| Дадени/повлечени депозити од банки | 39,596 |
| Наплатени (дадени) заеми, нето | -14,882 |
| Купени недвижности, постројки и опрема | -17,628 |
| **Нето парични текови од инвестициони активности** | **7,086** |
| **Парични текови од финансиски активности** | |
| Примени (отплатени) краткорочни кредити, нето | -298,394 |
| Примени (отплатени) долгорочни кредити, нето | 74,249 |
| Исплатени дивидени | -81 |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **-224,226** |
| **Нето зголемување (намалување) на паричните средства** | **-74,709** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **99,442** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **24,733** |

**Белешки кон консолидираните финансиски извештаи**

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

Остварен финансиски резултат

Во 2012 година Групација Топлификација оствари добивка пред оданочување во износ од 46,361 илјади денари, данок на добивка во износ од 7,928 илјади и нето добивка во износ од 38,433 илјади денари, односно вкупна сеопфатна добивка во износ од 38,433 илјади денари.

Оперативната добивка во 2012 година изнесува 36,420 илјади денари.

Приходи од продажба

Приходите од продажба во 2012 година изнесуваат 2,593,459 илјади денари. Овие приходи се приходи од продажба на топлинска енергија кон крајните корисници категоризирани согласно тарифникот одобрен од Регулаторната комисија за енергетика на две категории останати и домаќинства.

Останати оперативни приходи

Останати оперативни приходи за 2012 година изнесуваат 97,385 илјади денари. Тука спаѓаат приходите од инвестиционо одржување и проширување на мрежа, приходи од проектирање, приходи од отпишани побарувања, приходи од останати услуги, приходи од сервисирање приходи од вишоци и други вонредни приходи. Најголема ставка во оваа категорија на приходи се приходи од услуги во износ од 39,659 илјади денари каде влегуваат приходи од проектирање, приходи од изведба на проекти, приходи од продажба на опрема и втора голема ставка во овие приходи се приходите од инвестиционо одржување и проширување на мрежа во износ од 38,850 илјади денари.

Трошоци на продадени услуги

Трошоците на продадени услуги во 2012 година изнесуваат 2,038,340 илјади денари. Тука влегуваат трошоците за гориво (природен гас и мазут), трошоци за набавена топлинска енергија, трошоци за електрична енергија и трошоци за вода.

Во 2012 година беа остварени вкупно 1,527,951 илјади денари трошоци за гориво, за мазут беа направени трошоци од 626,366 илјади денари, а за природен гас беа направени трошоци од 901,585 илјади денари. За превземена топлинска енергија беа направени трошоци во износ од 416,324 илјади денари од кои цца 52 милиони денари се спорни поради тоа што Регулаторната комисија за енергика не го призна тој трошок односно количина на набавена топлинска енергија.

За електрична енергија во 2011 година потрошени се вкупно 73,380 илјади денари, додека трошокот за вода изнесува 16,685 илјади денари.

Трошоци за вработени

Трошоците за вработени во 2012 година изнесуваат 229,397 илјади денари. Во 2012 година исплатени се бруто плати во износ од 214,088 илјади денари, трошоци за регрес 11,279 илајди денари и останати трошоци се однесуваат на други трошоци поврзани со вработените во Групацијата.

Амортизација

Амортизацијата на Групација Топлификација за 2012 година изнесува 84,554 илјади денари. Истата е пресметана по пропорционалниот метод за амортизирање на основните средства усвоен од страна на Групацијата.

Исправка на сомнителни побарувања

Исправката на вредност на побарувањата е во износ од 70,534 илјади денари.

Останати оперативни расходи

Групата на останати оперативни расходи во 2012 година е во износ од 235,599 илјади денари. Во оваа група на трошоци влегуваат трошоци за платен промет и банкарски услуги, трошоци за провизии за кредити  и банкарски гаранции , трошоци за надомест за заложени акции, услуги за инвестиционо и тековно одржување,  трошоци за набавната вредност на продадени стоки и услуги, трошоци за материјали и резервни делови, трошоци за телефон и интернет, трошок за користење на дистрибутивна мрежа, трошоци за проекти по договори, трошоци за наплата на долгови, трошоци за судски такси, разни видови на услуги, придонеси, членарини и други трошоци.

Во следниот графички приказ е прикажано процентуалното учество на секоја група на трошок во вкупните трошоци за 2012 година.

Графикон 1 – Процентуално учество на групите на трошоци во вкупните трошоци за 2012 година




Приходи од финансирање

Приходите од финансирање во 2012 година изнесуваат 177,757 илјади денари. Истите се приходи од камати за задоцнето плаќање од потрошувачи на топлинска енергија, приходи од камати на дадени заеми на неповрзани фирми, приходи од позитивни курсни разлики и приходи од камати од банки.

Расходи од финансирање

Расходите од финансирање се во износ од 167,816 илјади денари. Најголеми расходи од финансирање во оваа категорија спаѓаат каматите по земени кредити за реализирање на инвестицијата во гасната централа за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД - Скопје во износ од 61,783 илјади денари, потоа следуваат камати по кредити земени за санирање на стар долг во износ од 50,166 илјади денари и камати земени за кредити за тековно работење од банките во износ од 42,918 илјади денари. Останати расходи во оваа категорија се каматите кон добавувачите и расходи од негативни курсни разлики.

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

Вкупно средства
Вкупните средства во 2012 година изнесуваат 3,727,402 илјади денари. Тие се составени од тековни и нетековни средства.

Вкупните нетековни средства изнесуваат 2,571,299 илјади. Тука влегуваат материјални средства и долгорочни финансиски средства.

Недвижности, постројки и опрема
Оваа група е во износ од 1,174,066 илјади денари, тука спаѓаат целокупниот движен и недвижен имот во сопственост на друштвата кои ја сочинуваат Групацијата.

Дадени заеми
Во дадени заеми се заемите дадени како вложување за изградба на гасната централа за комбинирани производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД - Скопје. Вкупните дадени заеми за гасната електрана заедно со камати се 1,423,567 илјади денари. Заемите кои достасуваат после 31.12.2013 се ставени во групата нетековни средства и се во износ од 45,822 илјади денари.

Вкупните тековни средства изнесуваат 2,501,733 илјади денари. Тука влегуваат парични средства, побарувања од продажба, побарувања за дадени заеми, депозити во банки, побарувања за дадени аванси, останати тековни средства и активни временски разграничувања и залихи.

Побарувања од продажба
Побарувањата од продажба на Групација Топлификација се во износ од 910,281 илјади денари, тоа се побарувањата од продажба за топлинска енергија кон крајните потрошувачи.

Побарувања за дадени заеми
Ова се побарувања за заемите дадени како вложување за изградба на гасната централа за комбинирано производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД - Скопје. Овде се заемите кои достасани и кои достасуваат во текот на 2013 година во износ од 1,337,745 денари.

Главнина
Главнината на Групацијата изнесува 1,670,687 илјади денари. Тој е составен од акционерски капитал во износ од 1,394,100 илјади денари, законски резерви во износ од 111,976 илјади денари, ревалоризациони резерви во износ од 3,675 илјади денари и акумулирана добивка во износ од 162,396 илјади денари, намалено за откупените сопствени акции и неконтролирачкото учество.

Вкупни обврски
Вкупните обврски во 2012 година изнесуваат 2,056,715 илјади денари. Истите се составени од краткорочни и долгорочни обврски.

Долгорочни обврски по кредити
Долгорочните обврски по кредити изнесуваат 474,201 илјади денари.

Вкупните тековни обврски изнесуваат 1,582,514 илјади денари. Тука припаѓаат обврски кон добавувачи, обврски за примени аванси, краткорочни обврски за кредити, тековен дел на долгорочни кредити, останати тековни обврски и пасивни временски разграничувања.

Обврски кон добавувачи
Обврските кон добавувачи се во износ од 432,687 илјади денари. Ова се пред се обврски кон добавувачите за горива (мазут и природен гас), добавувач за топлинска енергија и добавувачи за материјали и основни средства.

Краткорочни обврски по кредити и заеми
Краткорочните обврски по кредити и заеми во 2012 година изнесуваат 840,159 илјади денари. Истите во целост се земени од друштвото Топлификација АД - Скопје и се однесуваат на краткорочните кредити земени за непречено одвивање на оперативно работење.

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ

Парични текови од оперативни активности
Паричните текови од оперативни активности за 2012 година се позитивни и изнесуваат 142,431 илјади денари. Со цел утврдување на паричните текови од оперативните активности добивката пред оданочување е прилагодена за амортизацијата, исправка на вредност на побарувањата , расходи за камата и приходи од камата и приходи од отпис на обврски и вишоци/кусоци. Добивката пред промени во обртни средства изнесува 307,458 илјади денари. Во нето употребени пари во работењето најголема позитивна категорија се побарувањата од продажба и тоа произлегува од повеќе наплатени побарувања во година од создадени побарувања за истиот период. Платената камата, како негативна категорија, е во износ од 165,394 илјади денари.

Парични текови од инвестициони активности
Паричните текови од инвестициони активности се позитивни и изнесуваат 7,086 илјади денари. Дадени заеми се во износ од 14,882 илјади денари додека одлив за купени недвижности, постројки и опрема е во износ од 17,628 илјади денари.

Парични текови од финансиски активности
Нето паричните текови од финансиските активности во 2012 година се негативни и изнесуваат 224,226 илјади денари. Во текот на 2012 година Групацијата има нето повеќе вратено краткорочни кредити во износ од 298,394 илјади. Позитивна категорија во делот на парични текови од финансиски активности се повеќе земени долгорочни кредити во износ од 74,249 илјади денари.

Паричните средства на крајот од годината изнесуваат 24,733 илјади денари.

## КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

### Структура на управување

Управувањето е организирано врз основа на двостепен систем.

Највисоко тело на управување е Собранието на акционери. Акционерите со своите гласови преку Собраните на акционери ги избираат членовите на Надзорниот одбор. Согласно законските регулативи во текот на годината се одржува едно редовно Собрание на кое се разгледуваат постигнатите резултати во изминатата година. По потреба, како и на иницијатива на акционерите може да се одржат и вонредни Собранија.

Во 2012 година се одржа едно, редовно Собрание на акционери на кое што се разгледаа и усвоија Годишната сметка, Годишниот извештај за работата на друштвото во 2011 година и работата на Управниот и Надзорниот одбор на Топлификација АД – Скопје, донесена е одлука за останување на остварената добивка од работењето на друштвото како нераспределена.

Надзорниот одбор на друштвото во 2012 година го сочинуваа 5 членови, и тоа:

- Љупчо Сандревски, претседател на Надзорен одбор – мандат до мај 2015
- Зоран Ковачевски, член на Надзорен одбор – мандат до мај 2015
- Гроздан Делидинков, член на Надзорен одбор – мандат до мај 2015
- Горазд Скубин, член на Надзорен одбор – мандат до мај 2015
- Јанез Грошељ, независен член на Надзорен одбор – мандат до мај 205

Управниот одбор во 2012 година го сочинуваа 7 членови, и тоа:

- Д-р Димитар Хаџимишев, претседател на Управниот одбор - мандат до мај 2015
- Христо Кировски, член на Управниот одбор - мандат до мај 2015
- Ѓорѓи Ниневски, член на Управниот одбор - мандат до мај 2015
- Дине Илиев, член на Управниот одбор - мандат до мај 2015
- Александра Мароевиќ, член на Управниот одбор - мандат до мај 2015
- Бисера Крстевска, член на Управниот одбор - мандат до мај 2015
- Емилија Јакимовска Мишева, член на Управниот одбор - мандат до мај 2015

Во текот на 2012 година Управниот одбор одржа 45 седници.

### Управување со ризици во работењето на друштвото

Врз основа на стекнатото искуство како и проблемите со кои се соочува во секојдневното работење, предизвикани од влијанието на интерните и екстерни фактори, во друштвото се идентификувани 7 главни ризици:

- Организационен
- Технолошки
- Оперативен
- Екстерен
- Финансиски
- Ликвиден

- Системски

За управување со овие ризици друштвото има изработено и усвоено процедура за управување со ризици.

При расправите во рамките на седниците на Управниот одбор беше потенцирано дека се доминантни два ризика:

- Ликвиден
- Системски

Ликвидниот ризик во друштвото може да влијае на редовното и навременото исполнување на обврските кон своите доверители, вработени и акционери и истиот може да појави поради:

- Неисполнување на нормите во делот на наплатата на фактурираната реализација
- Несоодветна и ненавремено одобрена цена на топлинската енергија од страна на регулативното тело - РКЕ
- Врзување на финансиските средства на друштвото за главните инпути, односно за гориво за многу кратки рокови на доспеаност

Системскиот ризик произлегува од определувањето на цената на топлинска енергија во делот на дејноста снабдување на топлинска енергија од страна на регулаторното тело - РКЕ.

**Кодекс за корпоративно управување**

Топлификација АД - Скопје го организира своето работење и управување согласно Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза на хартии од вредност.